## X РУКОВЕТ

Биљана платно белеше
на охридските извори,
ми поминаха винари,
винари Белограђани.
"Винари, Белограђани,
кротко терајте карванот,
да не ми платно згазите,
от ми је платно даровско."
"Биљано, момо убава,
ако ти платно згазиме,
со вино ће го платиме!"
"Винари, Белограђани,
не ви го сакам виноно:
ток ви го сакам лудоно,
што напред тера карванот,
што носи фесот над око,
Биљану гледа под око!"

До три ми пушки пукнале,
леле, туго,
до три јунаци паднале, леле, туго,
до три ми мајке, леле, туго, плакале!

Динка двори мете,
дробни солзи рони;
Динка попова, Икономова, оф!
Дробни солзи рони,
танки прсти крши –
Динка попова, Икономова.

Пушчи ме, мајко-ле мила,
до на двор, да видим:
ми врви, мајко-ле мила,
но лудо, и младо...
За него, мајко-ле мила,
ја сакам!...

Никнало, никнало цвекје шарено,
во моми... во моминото пенџерче,
Дење го, дење го мома вардеше,
Нокје го, нокје го бекјар крадеше.
"Де, гиди, де, гиди, бекјар будала:
Не знаеш, не знаеш Фанче да љубиш -
сам' знаеш, сам' знаеш - цвекје да крадеш!"